# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 4** **Среда, 29 Април 2026** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## СОДРЖИНА


1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци........................................................*
2. *Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година – 31.12.2026 година................................................*
3. *Решение за именување на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија..............................................................................................................................................................................*
4. *Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија...*
5. *Решение за давање согласност на Одлука за расходување на електронска (компјутерска) опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија...........................................................................................................................................*
6. *Решение за давање согласност на Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП "Бошава" Демир Капија..................................................................................................................................................*
7. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2026 година...........................................................................................................................................................*
8. *Одлука за НЕ избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија..*
9. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
10. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
11. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
12. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
13. *Решение за одобрување на финансиски средства за печатење на книга "Демир Капија – Порта на виното".............................*
14. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
15. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
16. *Решение за одобрување на финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница................................................*
17. *Решение за одобрување на финансиски средства...........................................................................................................*
18. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
19. *Решение за одобрување на финансиски средства...........................................................................................................*
20. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*
21. *Решение за одобрување на еднократна парична помош..............................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/1 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09 и "Службен весник на РСМ" бр.241/24), член 4 од Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на РМ" бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16 и "Службен весник на РСМ" бр.43/26) и член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) а во врска со Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање бр.02-148/7 од 24.12.2025 година, Советот на Општина Демир Капија на седница одржана на 28.04.2026 година донесе

**ОДЛУКА**
**За изменување и дополнување на Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.12/23) во членот 8 алинеја 2 се менува и гласи:

"-Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Одлука за измена на одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање бр.02-148/7 од 24.12.2025 година, донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес - 4.846.300,оо денари
- Општина Кавадарци – 3.573.300,оо денари
- Општина Неготино – 1.819.400,оо денари
- Општина Свети Николе – 1.532.000,оо денари
- Општина Демир Капија – 377.700,оо денари
- Општина Чашка – 794.200,оо денари
- Општина Градско – 323.300,оо денари
- Општина Лозово – 226.400,оо денари
- Општина Росоман – 379.600,оо денари"

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/3 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од**

**бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година – 31.12.2026 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година – 31.12.2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/2 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година - 31.12.2026 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година - 31.12.2026 година бр.02-18/4 од 28.01.2026 година донесена од Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на 28.01.2026 година.

**2.** Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/4 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

Се објавува Решение за именување на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/3 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 17 став 3 и 17-г став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) Советот на општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

**1.**За член на Управен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија се именува:

**- Мерита Трајкова**

**2.** Мандатот на членот на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

**3**. Оваа решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/5 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/4 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Годишен план за вработување во 2027 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Годишниот план за вработување во 2027 година на Општинското основно училиште "Димче А.Габерот" Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор како и формата и содржината на образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Годишниот план за вработување во 2027 година е составен дел на ова решение.

**2.** Директорот на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија е должен по донесување на планот, да го достави на мислење до надлежното министерство, во согласност со закон.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/6 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Одлука за расходување на електронска (компјутерска) опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Одлука за расходување на електронска (компјутерска) опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/5 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), постапувајќи по барањето на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија бр.08-324/1 од 08.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Одлука за расходување на електронска (компјутерска) опрема на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Одлуката за расходување на електронска (компјутерска) опрема бр.02-75/3 од 12.03.2026 година, донесена од Училишниот одбор на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија на седница одржана на ден 12.03.2026 година.

**2.** Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/7
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП "Бошава" Демир Капија**

Се објавува Решение за давање согласност на Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП "Бошава" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/6
29.04.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) а во врска со член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП "Бошава" Демир Капија**

1. Советот на Општина Демир Капија дава СОГЛАСНОСТ на Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП "Бошава" Демир Капија бр.01-186/1 од 11.03.2026 година, донесен на седница на Управниот одбор на ЈКП "Бошава" Демир Капија одржана на ден 10.03.2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/8
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2026 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2026 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/7
29.04.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2026 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартален период 2026 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/9
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за НЕ избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

Се објавува Одлука за НЕ избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/8
29.04.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со 17-г став 5 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), по објавениот јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за НЕ избор на член во Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука НЕ се врши избор на член во надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија по Јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен и Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија бр.08-313/1 од 02.04.2026 година за избор на 1 (еден) член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Ц.О. Демир Капија, бидејќи нема доставено пријава односно нема пријавено кандидати.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 350/10
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/9
29.04.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и

"Службен весник на РСМ" бр.202/24), Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **СНЕЖАНКА КОСТАДИНОВА** од Демир Капија ул.Радњанска бр.17.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка на лицето Снежанка Костадинова од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/11 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/10 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и точка 1 од II.1 од Програмата за социјална заштита во Општина Демир Капија за 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.2/2026), постапувајќи по барањето бр.08-298/1 од 25.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **СЛАЃАНА ИЛИЕВА** од Демир Капија ул.Партизанска бр.ББ.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501746548778 на лицето Слаѓана Илиева од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/12 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/11 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-307/1

од 31.03.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **КАТЕРИНА СТОЈЧЕВА** од Демир Капија ул.29-ти Ноември бр.6, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 270700031679664 на лицето Катерина Стојчева од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/13 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/12 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-310/1 од 01.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **12.000,00 (дванаесет илјади) денари** на лицето **ЌИРИЛ АТАНАСКОВСКИ** од с.Корешница, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 240057015342521 на лицето Ќирил Атанасковски од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/14 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства за печатење на книга "Демир Капија – Порта на виното"**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства за печатење на книга "Демир Капија – Порта на виното", што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/13 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за утврдување критериуми за

доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-321/1 од 08.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII–та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на финансиски средства за печатење на книга "Демир Капија – Порта на виното"**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **60.000,00 денари** на **Звонимир Будимировиќ од Демир Капија**, автор на книгата со наслов "Демир Капија – Порта на виното", за печатење на истата книга (репринт).

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка на лицето Звонимир Будимировиќ од Буџетот на Општина Демир Капија, потпрограма А00 ставка 464 – разни трансфери, потставка 464 990 – други трансфери, и истите да се искористат исклучиво за намената за која се доделени.

**3.** Авторот има обврска најмалку 70% од вкупниот испечатен тираж да предаде на давателот на средствата, најдоцна 8 (осум) дена по печатењето.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/15
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/14
29.04.2026 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-329/1 од 09.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **3.000,00 (три илјади) денари** на лицето **НЕИРЕ ЈУСУФОВА** од с.Прждево, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 300047115346279 на лицето Неире Јусуфова од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/16
28.04.2026 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/15 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-336/1 од 15.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **12.000,00 (дванаесет илјади) денари** на лицето **РИСТО НАЈДОВСКИ** од Демир Капија ул.8-ми Март бр.8, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 270700028162735 на лицето Ристо Најдовски од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/17 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/16 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и точка 2 од II.2 од Програмата за активностите на Општина Демир Капија во областа на образованието и спортот во 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.3/2026), постапувајќи по барањето бр.08-353/1 од 21.04.2026 година од Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница**

**1.** Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **30.000,00 денари** на Фудбалски Клуб МЛАДОСТ с.Корешница, кои средства ќе бидат искористени за одржување на турнир во мал фудбал.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма L00 подставка 463 120 – трансфери до спортски клубови, на сметка 270076083060149.

**3.** Фудбалскиот клуб да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/18 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/17 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Програмата за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.1/2026), постапувајќи по барањето бр.08-356/1 од 22.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **15.000,00 денари** на Црковен одбор при црква "Свети Ѓорѓи" с.Копришница, за одбележување на верскиот празник "Ѓурѓовден" во село Копришница.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на Црковниот одбор од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма А00, потставка 464 990 – други трансфери со цел на дознака: за празник "Ѓурѓовден" и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/19 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/18 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-359/1 од 23.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **9.000,00 (девет илјади) денари** на лицето **БЛАГИЦА ПЕТКОВА** од с.Корешница, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200002546508303 на лицето Благица Петкова од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/20 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/19 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и Програмата за активностите на Општина Демир Капија од областа на културата за 2026 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.1/2026), постапувајќи по барањето бр.08-360/1 од 24.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **15.000,00 денари** на Црковен одбор при црква "Св.Никола" с.Клисура, за одбележување на верскиот празник "Св.Никола" во село Клисура.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на Црковниот одбор од Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година, Програма А00, потставка 464 990 – други трансфери со цел на дознака: за празник "Св.Никола" и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/21 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/20 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-361/1 од 24.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **9.000,00 (девет илјади) денари** на лицето **СНЕЖАНА ВАСИЛЕВА** од Демир Капија ул.Маршал Тито бр.53, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200001542442776 на лицето Снежана Василева од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/22 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на

Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 28.04.2026 година.

Број 09–380/21 Градоначалник на
29.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-370/1 од 27.04.2026 година, Советот на Општина Демир Капија на VIII-та седница одржана на ден 28.04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **9.000,00 (девет илјади) денари** на лицето **ЃОРЃИ ГАЦЕВ** од Демир Капија ул.Радњанска бр.57, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501590451334 на лицето Ѓорѓи Гацев од Буџетот на Општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 350/23 Претседател на Совет на
28.04.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---